Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ..... 163

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-167/16 од 14.8.2012 година, донесена на 33. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 13.8.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден ***професор*** за наставно-научната област финансии ***и банкарство*** на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

– проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор – претседател,
– проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор – член,
– проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор – член.

Сите се вработени на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев'' - Штип.

Според Конкурсот објавен на 6.7.2012 година, потребна е следната документација:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
– Кратка биографија (во четири примероци);
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
– Уверение за државјанство;
– Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во насловно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област *финансии и банкарство* на Факултетот, од 6.7.2012 година, во дневните весници „Дневник" и „Лајм", и на официјалната веб-страница на УГД, се пријавија следниве кандидати: д-р Весна Ангеличкова – дипломиран економист и д-р Јасминка Варналиева – дипломиран економист.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатите и истите ги доставија следниве документи:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет докторски труд (четири копии заверени кај нотар);
– Кратка биографија (во четири примероци);
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Имаат наведен список на објавени научни и стручни трудови (но немаат доставено по еден примерок од трудовите во оригинал);
– Уверение за државјанство;
– Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***I. Биографски податоци***

1. **Д-р Весна Димитар Ангеличкова**

Кандидатката **д-р Весна Димитар Ангеличкова** е родена на 20 јануари 1963 година во Штип, Република Македонија. Дипломира на Економскиот факултет во Штип, во 1985 година, со просечен успех од 9,67. Магистрира на Економскиот факултет во Скопје, 1992 година, со просечен успех од 9,90. Докторира на Економскиот факултет во Скопје, 2002 година, на тема „*Управување со активата и пасивата на комерцијални банки*". Од 1987 година е вработена во Стопанска банка АД Скопје, филијала Штип, каде што професионално е ангажирана до ден-денес. Професионалната кариера ја започнува како самостоен референт во анализа со конкретни задолженија за:

- опсервација на целокупното банкарско работење од аспект на активните и пасивните активности и од аспект на денарските и девизните позиции;
- изработка на билансите на банката;
- следење на готовинските текови;
- изработка на финансиските извештаи.

Подоцна е вклучена во платниот промет со странство, директно во комуницирањето и праќањата на дознаките преку СЊИФТ системот.

Од септември 2000 година е член на Кредитниот одбор како оперативно тело на банката при анализирањето на кредитниот ризик и одобрувањето на кредитните барања.

Од април 2001 година е назначена за извршен директор на филијалата во Штип, а од декември 2002 година е назначена за извршен директор на филијалите Штип и Пробиштип. На оваа функција е и сега. Во 2002 година е наградена за најдобар менаџер на Стопанска банка АД Скопје.

Од септември 2009 година е назначена за регионален директор на Југоисточен регион. Оваа функција ја обавува и денес.

Успешно се користи со програмите на Microsfot office, пред сè, Word и Excell.

Од странските јазици го познава англискиот јазик.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Нема трудови кои се објавени во изборниот период 2008 -2012 г.

**2. Д-р Јасминка Варналива ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Диплома за одбранет докторски труд (три копии заверени кај нотар);
- Уверение за одбранет докторски труд (една копија заверена кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда за англиски и шпански јазик;
- Список на публикации и истражувања (без приложни примероци);
- Уверение за државјанство;
- Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата,
- Сертификат за CMC, Certified Management Consultant издаден од ICMCI (International Council of Management Consulting Institutes)
- Сертификат за PMP, Project Management Professional издаден од PMI Project Management Institute.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

**Д-р Јасминка Варналива** завршува Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во јули 1983 година, на отсекот Економска политика и развој. Во јуни 2000 година го одбранува својот магистерски труд под наслов „Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија".

Во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија".

Во моментот д-р Јасминка Варналиева е ангажирана како независен консултант во областа на конкуренција, иновации, менаџмент, развој на привтен и финансиски сектор и сл.

До крајот на јуни 2012 година д-р Јасминка Варналиева е ангажирана на позицијата директор на Проектот за конкурнтност импламентиран од американската корпорација Carana Corporation и финансиран од Американката агенција за меѓународен развој USAID.

Во приодот од 1998 до 2008 година Јасминка е ангажирана во Канцеларијта на Светската банка во Македонија, како специјалист за развој на приватен и финансиски сектор.

Од 1996 до 1998 година Јасминка работи како манаџмент консултант во американската компанија Crimson Capital.

Својата кариера Јасминка ја започнува во 1984 година во областа на надворешно-трговско работење на Макотекст експорт-импорт, а во 1989 година во Yucan Trade International, на менаџерска позиција

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Од приложените биографски податоци може да се забележи дека кандидатката д-р Јасминка Варналиева не е вклучна во наставно-образовната дејност и дека нема претходен избор во насловно звање доцент, а како активност во научноистражувачка дејност достави само список на публикации и истражувања без притоа да се достават и оригинал од објавените научни и стручни трудови и тоа:

- Докторска дисертација насловена „Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија", 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- Магистерски труд „Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија", 2000, Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- FESAL 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003.
- PSD 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003.
- Poland IDF Grant on Accounting and Auditing Reform, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2008.
- Slovakia IDF Grant on Bankruptcy Reform, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2004.
- Capcity Building in Public Accounting in Albania, Croatia and Slovenia, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2006.
- Slovakia IDF Grant on Accounting and Auditing, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2007.
- Учествуво во публикации подготвени од тим.

**3.** Кандидатката **дипл.екон. Симона Денков** нема диплома за доктор на на науки и според тоа не ги исполнува формалните услови наведени во конкурсот за избор за неведеното звање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката Јасминка Варналиева, д-р на економски науки (нема предходен избор во насловно звање доцент) според условите наведени во член 133 од Законот за високото образование и не ги исполнува истите услови..

Додека кандидатката Симона Денков, дипломиран економист, не ги исполнува предвидените формални законски услови од наведениот член од Законот за високото образование, таа нема диплома за доктор (таа е актуелна студентка на втор циклус на студии на МБА-менаџмент).

Имајќи ги предвид наведените констатирани недоследности и недостатоци, Рецензентската комисија смета дека и двете кандидатки не треба да се земат предвид за избор во насловно звање вонреден професор согласно со условите наведени во распишаниот конкурс.

Од друга страна, имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката доц. д-р Весна Ангеличкова, Комисијата оценува дека кандидатката има мошне скромен опус во изборниот период од 2008-2012 година, што не ги задоволува критериумите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет- Штип **да не се избере во насловен вонреден професор во научната област финансии и банкарство**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**

**За вреднување на активностите на д-р Весна Ангеличкова, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | 6 | 1 | 6 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Монографија или научна книга | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>**В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати (СЦИ/ЦА/останати) останати реден број III :12-22 или<br>**В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати (СЦИ/ЦА/останати) останати реден број III :12-22** | | | |
| **1. В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати (СЦИ/ЦА/останати) останати реден број III** | | | |
| Учество на научен собир со реферат – II Конференции:<br>**В К У П Н О трудови** на научен собир со реферат | | | |
| **Стручно- апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **6** | **1** | **6** |